
Нацрт Б-ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА – ОПШТИНА ВИНИЦА

Друштво за производство, трговија и услуги ЈОВАНОВ ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово Виница

Број на дозвола :



СОДРЖИНА

Вовед 3
Краток опис на инсталацијата 4
Комуникација 7
Доверливост 8
Промени во дозволата 9
Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата 9
Пренос на дозволата 9
Преглед на барани и доставени документи 10
1.Услови 12
1.1. Инсталацијата за која се издава дозволата 12
2.Работа на инсталацијата 16
2.1 Техники на управување и контрола 16
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) 17
2.3.Ракување и складирање на отпадот 19
2.4 Преработка и одлагање на отпад 21
2.5. Спречување и контрола на хаварии 23
2.6. Мониторинг 25
2.7. Престанок со работа 26
2.8 Инсталации со повеќе оператори 27
3. Документација 28
4. Редовни извештаи 30
5. Известувања 31
6. Емисии 32
6.1 Емисии во воздух 32
6.2. Емисии во почва 35
6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација) 36
6.4. Емисии во канализација 37
6.5. Емисии на топлина 39
6.6. Емисии на бучава и вибрации 39
7. Пренос од пречистителна станица за отпадни води 41
8. Програма за подобрување 42
9. Договор за промени во писмена форма 43
10. Додаток 1 44
10. 2. Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2 44
11. Додаток 2 45
11.2. Извештаи за податоците од мониторингот 45
12. Додаток 3 46
12.1. Пенали како мерка за исполнување на обврските од Дозволата 46
12.2. Определување на пенали 46
12.3. Присилна наплата 47

Вовед

Оваа Б-интегрирана еколошка дозвола се издава согласно одредбите од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22, 03/25 и 124/25), како и согласно Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола.

Оваа дозвола се однесува на работата на инсталацијата на Друштвото за производство, трговија и услуги **ЈОВАНОВ ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово Виница**, која врши активност од областа на индустрија на минерали, односно стационарна бетонска база.

Целта на оваа дозвола е да обезбеди интегриран пристап кон заштита на животната средина преку:

- спречување и контрола на загадувањето,
- намалување на емисиите во воздух, вода и почва,
- правилно управување со отпад,
- континуиран мониторинг на влијанијата врз животната средина.

Дозволата ги утврдува условите под кои операторот е должен да ја извршува својата дејност, со цел да се обезбеди високо ниво на заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Краток опис на инсталацијата

Основна дејност на Друштвото за производство, трговија и услуги „ЈОВАНОВ ТРАНС“ ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово – Виница е производство на градежни производи, односно сепарација на агрегати (песок со различна гранулација) и производство на готов бетон.

Со цел за ефикасно одвивање на производниот процес и обезбедување на квалитетни производи, компанијата располага со постројка за сепарација на агрегати и постројка за производство на бетон. Како основна суровина се користи песок со различна гранулација, додека како помошни материјали се користат цемент и вода.

Готовите производи, односно сепарираниот агрегат и готовиот бетон, се наменети за пазарна и комерцијална употреба.

Проектираниот годишен капацитет на инсталацијата изнесува:

- сепариран агрегат (во повеќе фракции) – околу **5.000 m³ годишно**
- готов бетон – околу **4.800 m³ годишно**

Производството се одвива во зависност од побарувачката на пазарот.

Во инсталацијата се вработени вкупно **6 лица**, кои се ангажирани во процесите на производство, организација и контрола на работните активности.

Работата на инсталацијата се одвива во една смена, шест дена во неделата, и тоа:

- од понеделник до петок во период од 08:00 до 16:00 часот
- во сабота од 09:00 до 14:00 часот

Локацијата на инсталацијата се наоѓа на катастарските парцели КП 2125/1, 2125/2, 2125/3, КП 2127 и КП 1813, КО Јакимово, во атарот на село Јакимово, Општина Виница.

Инсталацијата е лоцирана на десна страна на влезот во селото, со директен пристап од локален асфалтиран пат, што овозможува непречен транспорт на суровини и готови производи.

Во однос на непосредната околина, локацијата има следна поставеност:

- Север – семејни куќи
- Исток – обработливо земјиште
- Југ – река Осојница и обработливо земјиште
- Запад – обработливо земјиште

Во поширокаата околина се наоѓаат деловни и услужни објекти, како бензинска пумпна станица, угостителски објекти и стоваришта за градежни материјали.

Процесот на сепарација претставува технолошка постапка на механичко разделување на природните материјали според нивната гранулација, со цел добивање агрегат со соодветни карактеристики за производство на бетон.

Организацијата и контролата на работниот процес се врши од страна на одговорно лице на инсталацијата, при што целиот производствен процес е поддржан со соодветна техничко-технолошка опрема.

Одговорно лице за прашањата од областа на животната средина е управителот

Ивица Јованов, кој е задолжен за спроведување на мерките за заштита на животната средина и исполнување на обврските од оваа дозвола.



Приказ на локацијата на инсталацијата на
ЈОВАНОВ ТРАНС ДООЕЛ Јакимово Виница

Други интегрира ни дозволи поврзани со оваа инсталација		
Сопственик на дозволата	Број на дозволата	Дата на издавање
Нема		

Заменети дозволи/ Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација		
Сопственик	Референтен број	Дата на издавање
Друштвото за производство, трговија и услуги **„ЈОВАНОВ ТРАНС“ ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово–Виница.** Лице одговорно за управување со животата средина е управителот **Ивица Јованов,** кој раководи со целокупните активности во компанијата		

Комуникација

За сите прашања поврзани со оваа Дозвола, операторот е должен при комуникација со надлежниот орган да го наведе бројот на дозволата.
Надлежен орган за издавање и спроведување на оваа дозвола е Општина Виница.

Контакт податоци на надлежниот орган:
Општина Виница
ул. „Бел Камен“ бр.13
2310 Виница
Република Северна Македонија

Доверливост

Оваа Дозвола го обврзува операторот да доставува податоци до надлежниот орган, во согласност со законските обврски. Надлежниот орган ги внесува доставените податоци во соодветните општински регистри, согласно Законот за животната средина.
Доколку операторот смета дека одредени податоци претставуваат деловна или индустриска тајна, може да побара нивно изземање од јавниот регистар. Во тој случај, операторот е должен јасно да ги идентификува податоците кои ги смета за доверливи и да наведе прецизни причини за нивно изземање.
Операторот може да определи кои документи или делови од документи се доверливи, согласно член 55 став 2 точка 4 од Законот за животната средина, при што е должен да достави образложение за оправданоста на барањето.
Податоците за кои се бара доверливост, како и причините за тоа, се доставуваат како посебен прилог кон барањето за издавање на интегрирана еколошка дозвола.

Промени во дозволата

Оваа Дозвола може да се измени и дополни во согласност со Законот за животната средина и важечката подзаконска регулатива.

- Надлежниот орган за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола ќе ги преиспитува условите утврдени во оваа Дозвола на секои 7 (седум) години и, доколку е потребно, ќе изврши нивно изменување или дополнување.
- Операторот е должен да поднесе барање за обновување на Дозволата до надлежниот орган најдоцна една година пред истекот на периодот на нејзината важност.

Предавање на дозволата при престанок на работа на инсталацијата

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, операторот е должен писмено да го извести надлежниот орган.
Операторот е должен, согласно член 120 став 3 од Законот за животната средина, да докаже дека:

- не постои ризик од загадување на животната средина, и
- не се потребни дополнителни мерки за санација и враќање на локацијата во задоволителна состојба.

Доколку постои ризик од загадување, операторот е должен да преземе соодветни мерки за санација на локацијата во согласност со важечките законски прописи.

Пренос на дозволата

Пред да се изврши целосен или делумен пренос на дозволата на друго правно лице, операторот е должен да поднесе заедничко барање за пренос на дозволата, заедно со постоечкиот и предложениот нов оператор, согласно член 118 од Законот за животната средина.
Преносот на дозволата може да се изврши само по добивање на одобрение од надлежниот орган.
Доколку со оваа дозвола се овластува вршење на активности од областа на управување со отпад, операторот е должен да обезбеди лице кое поседува уверение за положен стручен испит за управител со отпад, согласно важечките законски прописи.

Преглед на барани и доставени документи

Предмет	Датум	Коментар
Барање бр.	12-34 од 13.01.2026 год.	Поднесено од страна на оператор
Известување по барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола	12-34/2 од 29.01.2026 год.	Уредна достава до операторот на 02.02.2026 год.
Поднесување на целосно корегирано Барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола	12-34/3 од 26.02.2026.	Ново Барање, Доставено од страна на оператор
Налог за пресметување и плаќање надоместок за поднесено барање	12-34/4 од 04.03.2026	Уредна достава до операторот на 05.03.2026 год.
Објава на Барањето во Медиум	12-34/5 од 04.03.2026	Национален весник Вечер
Известување за вршење на увид во инсталацијата	12-34/6 од 09.03.2026	Уредна достава до операторот на 10.03.2026 год
Записник од извршен увид во инсталацијата	12-34/7 од 26.03.2026	Уредна достава до операторот на 27.03.2026 год
Забелешки во врска со објавеното барање.	12-34/8 од 26.03.2026	Државен инспекторат за животна средина Бр.31-265/1 од 19.03.2026
Заклучок за прекинување на постапката и определување рок	12-34/9 од 06.04.2026 год.	Уредна достава до операторот на 06.04.2026 год
Налог за плаќање надоместок за објава во Службен Весник РСМ Вечер	12-34/10 од 14.04.2026 год.	Уредна достава до операторот на 14.04.2026 год
Одговор на забелешки за Барањето на Б-интегрирана еколошка дозвола	12-34/11 од 17.04.2026 год.	Доставено од страна на оператор
Нацрт Б интегрирана еколошка дозвола	12-34/12 од 22.04.2026	Национален весник Вечер

Б - интегрирана еколошка дозвола

Дозвола бр.Уп I бр.---------
Општина Виница во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22, 171/22 03/25 и 124/25), го овластува:

Друштвото за производство, трговија и услуги „ЈОВАНОВ ТРАНС“ ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово – Виница.

- Сепарација на агрегати (песок со различна гранулација)
- Производство на готов бетон

Со регистрирано седиште на
Друштвото за производство, трговија и услуги **„ЈОВАНОВ ТРАНС“ ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово – Виница. Населено место без уличен систем Јакимово**
2310 Виница
Република Северна Македонија

Број на регистрација на компанијата ЕМБС**: 6855636**

да раководи со Инсталацијата

Друштвото за производство, трговија и услуги **„ЈОВАНОВ ТРАНС“ ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово – Виница. Лоцирана на КП 2125/1, 2125/2, 2125/3, 2127 и 1813, КО Јакимово, во атарот на село Јакимово, Општина Виница Република Северна Македонија**

Во рамките на дозволата и условите во неа.

Градоначалник на Општина Виница Митко Костадиновски

1.Услови


1.1. Инсталацијата за која се издава дозволата

Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.


Табела 1.1		
Активност (Прилог 2) Оваа дозвола се однесува на активност класифицирана во Прилог 2 од Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола („Сл. весник на РМ“ бр. 89/05), и тоа: Прилог 2, точка 3 – Индустрија на минерали 3.3 Стационарни бетонски бази со капацитет поголем од 50 m^3	**Опис на наведената активност** Производство на бетон и сепарација на агрегати (песок со различна гранулација)	**Граници на наведената активност** Активностите се вршат во рамките на катастарските парцели КП 2125/1, КП 2125/2, КП 2125/3, КП 2127 и КП 1813, КО Јакимово, Општина Виница. Активностите ги опфаќаат сите фази на производниот процес: прием на суровини, сепарација, производство, складирање и транспорт.
Оваа дозвола се издава врз основа на поднесено барање за Б-интегрирана еколошка дозвола за постоечка инсталација, со која се врши дејност од областа на индустрија на минерали, односно сепарација на агрегати и производство на готов бетон.	На локацијата се инсталирани постројки за: • сепарација на агрегати (песок со различна гранулација) • производство на готов бетон	Активностите ќе се одвиваат исклучиво во границите на наведената локација и нема да го надминуваат проектираниот капацитет на инсталацијата.

Активностите овластени со условите 1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот (Табела 1.2)

Табела 1.2	
Документ	Место во документацијата
Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр. Уп I бр. 12-34/3	Прилог I ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ



Слика: Кастстар на Р.С.М. за КП 2125/1, 2125/2, 2125/3, 2127 и 1813, КО Јакимово



1. Влез – излез од база-Монтажен административен објект-контејнер
2. Компактната бетонската база
3. Мобилна сепарација
4. Таложник за прочистување на технолошки отпадни води
5. Несепариран материјал
6. Административен објект за престој на работници и канцеларија

Слика: Распоред на објектите на локацијата

1.1.3 Согласно член 140 од Законот за животна средина доколку Операторот не се придржува до утврдените мерки, рокови и услови согласно планот на подобрување, определени се посебни пенали во Додаток 3 од оваа Дозвола.

1.1.4 По добивање на Б интегрираната еколошка дозвола, Операторот е должен да го плати годишниот надомест за поседување на Бинтегрираната еколошка дозволата, за период за кој ја поседува. Годишниот надомест Операторот ќе го плаќа во текот на календарската година.

1.1.5 Оваа Дозвола е само за потребите на ИСКЗ согласно Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија“ бр 89/22, 171/22 и 03/25), и ништо од оваа Дозвола не го ослободува Операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од другите закони и под законски акти.

1.1.6 Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа Дозвола. Сите програми кои треба да се извршат стануваат дел од оваа Дозвола.

1.1.7 Инсталацијата не смее да работи над капацитетот наведен во барањето без согласност и писмено одобрение на Надлежниот орган.

1.1.8 Операторот ќе води евиденција на суровините и произведените производи.

1.1.8.1 Поднесените известувања ќе ги запишува во Регистар на опрема за вршење на својата дејност, истите ќе ги доставува до надлежниот орган Општина Виница и ќе овозможи истите да бидат дадени на увид на јавноста по нивно барање.

1.1.8.2 Операторот редовно ќе врши контролни мерења по стандарди пропишани во Македонското законодавство, а земањето на примероци ќе го врши обучен кадар

од страна на Операторот или лица обучени за земање на примероци.

1.1.8.3 Локацијата и просториите во кои ќе биде сместена опремата од надворешна страна ќе биде јасно означена.

1.1.8.4 Опремата која ја содржи операторот ќе има свој инвентарен број и ќе биде означена со етикета (налепница).

1.1.8.5 Привременото складирањето на опремата којашто содржи отпадни материјали ќе се врши во согласност со одредбите и прописите во Р.С. Македонија.

1.1.8.6 Операторот нема да дозволи да дојде до мешање на отпадните материјали при нивното собирање, тарнспортирање, складирање, третман и отстранување.

1.1.8.7 Со отпочнување на работата Операторот се задолжува редовно да врши мерења на емисии и истите да ги достави до Надлежниот орган **(Додаток 2 , Табела Д 2)** и тоа на следните видови:

- Суспендирани честици ПМ 10 и нивни концентрации во воздух,
- Отпадни води,
- Емисии од бучава во животна средина,
- Емисии на вибрации,
- Емисии во почва.

1.1.9 Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, Операторот веднаш ќе изврши испитувања на почвата, подземните води и водите за евентуално загадување.

1.1.9.1 Операторот на видно место ќе постави план на кој што ќе бидат прикажани:

- начинот и операциите за складирање на отпадот,
- видот на отпадот со негово место на складирање,
- постапка за работа,
- постапки за итни случаеви,
- мерки за издвојување на отпадот,
- план за заштита од пожари,
- простор за складирање на отпад и отпад од пакување,
- предвиден максимален капацитет за секое место од локацијата,
- знаци за опасност на секое место на локацијата и соодветните карактеристики на складираниот отпад.

1.1.9.2 Б-интегрираната еколошка дозвола има важност од 7 години. Истата подлежи на ревизија при што доколку има потреба условите кои се зададени во неа ќе се изменат.

1.1.9.3 Операторот е должен да поднесе барање за обновување на дозволата.

1.1.9.4 Најдоцна една година пред истекот на временеската рамка дадена во точка 1.1

2.Работа на инсталацијата

2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава дозволата согласно условите во Дозволата ќе биде управувана и контролирна онака како што е опишано во ИСКЗ барањето, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.1.1 Операторот ќе назначи одговорно лице за прашањата од животната средина кое ќе биде соодветно обучено и ќе врши обука на останатиот персонал.
Овластено лице за прашањата и потребите од областа на животната средина во операторот е управителот Ивица Јованов кој раководи со целокупните активности во компанијата.

2.1.2 Назначеното лице кое ќе биде одговорно за прашање од животната средина, кое ќе биде соодветно обучено и ќе врши обука на останатиот персонал.

2.1.3 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени во предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој ја извршува работата за која се однесуваат некои од барањата во Дозволата.

2.1.4 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.5 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.6 Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавната свест и обука на вработениот персонал за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата на животната средина од Операторот во секое време.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветна придружна опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на поизводителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја алоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

2.1.7.1 Операторот редовно ќе изготвува Програма за управување со отпад и истата ќе ја доставува најдоцна до месец Септември во тековната година.

2.1.7.2 Операторот се задолжува да изготви годишен извештај за спроведување на

својата програма најдоцна до 31 Јануари во тековната година, за програмата од предходната година, и истата ќе ја достави до Општина Виница.

2.1.7.3 Операторот годишно ќе изработува План за управување со отпад и редовно ќе го доставува до Општина Виница
Операторот се задолжува да изготви годишен извештај за спроведување на својата програма најдоцна до 31 Јануари во тековната година, за програмата од предходната година, и истата ќе ја достави до Општина Виница.

2.1.1.1 Операторот годишно ќе изработува План за управување со отпад и редовно ќе го доставува до Општина Виница. Планот треба да го опфати целиот циклус односно: употреба, ракување, складирање, третман и отстранување односно депонирање на депонија утврдена со Закон.

2.1.1.2 Операторот нема имплементирано ISO стандарт, во понатамошниот период се обврзува да се сертифицира за стандартот 14001 и дополнително ќе го извести Надлежниот орган.

2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1

Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)		
Опис	Документ	Дата кога е примено
Песок разни фракции	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали, Прилог IV)	26.02.2026 год.
Гранулат 0-4mm, 4-8 mm, 8-16 mm, 16-32 mm	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали, Прилог IV)	26.02.2026 год
Цемент	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали)	26.02.2026 год.
Електрична енергија	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали, Прилог IV)	26.02.2026 год
Вода	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали)	26.02.2026 год.
Адитиви за бетон (по потреба)	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали)	26.02.2026 год.

Хидраулично масло Rando HD 32 и MOL Hydro HM 46	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали, Прилог IV)	26.02.2026 год.
Моторно масло Meropa 150	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали, Прилог IV)	26.02.2026 год.
Маст за подмачкување Alpha 2000	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали, Прилог IV)	26.02.2026 год.
90’ Трансмисионо масло 80/90 WW	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали, Прилог IV)	26.02.2026 год.
Авто гуми	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола (дел: суровини и материјали, Прилог IV)	26.02.2026 год.

2.2.2 Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на инсталацијата.

2.2.3 Сите суровините ќе бидат јасно означени за да се знае нивната содржина.

2.2.4 Суровините, ќе се чуваат во затворени и отворени простории кад што нема можност од појава на не сакани дејствија, опасност од пожар. Просториите треба да бидат добро обезбедени од секаков вид на влијанија.

2.3.Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира Отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табелата 2.3.1

Табела 2.3.1: Ракување и складирање на отпадот		
Опис	Документ	Дата кога е примено
Мешан комунален отпад (20 03 01)	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола – Глава V (Отпад)	26.02.2026 год.
Метален отпад (15 01 02; 20 01 40)	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола – Глава V (Отпад)	26.02.2026 год.
Отпадни масла (13 01*, 13 02*, 13 08)	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола – Глава V (Отпад)	26.02.2026 год.
Отпад од течни горива (13 07)	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола – Глава V (Отпад)	26.02.2026 год.
Отпадни акумулатори (16 06)	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола – Глава V (Отпад)	26.02.2026 год.
Отпадни гуми (16 01 03)	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола – Глава V (Отпад)	26.02.2026 год.
Отпад од бетон и мил од бетон	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола – Глава VII (Емисии во површински води)	26.02.2026 год.
Мил од таложници	Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола – Глава VII (Емисии во површински води)	26.02.2026 год.

Табела 2.3.2: Отпад складиран на самата локација			
Опис на отпадот	Место на складирање на самата локација	Начин на складирање	Услови на складирање

Мешан комунален отпад	На самата локација на инсталацијата	Во контејнери	Привремено складирање до преземање од надлежна компанија ЈП ,,СОЛИДАРНОСТ” Виница
Метален отпад	На самата локација на инсталацијата	Складирање до конечно предавање на овластен превземач	ФАЛАНГА РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Виница
Отпадни масла	На самата локација на инсталацијата	Складирање до предавање на овластен превземач	Ќе се предава на овластена компанија за собирање на опасен отпад,,Гаја Солушнс ДОО Виница"
Отпад од течни горива	На самата локација на инсталацијата	Складирање до предавање на овластен превземач	Ќе се предава на овластена компанија за собирање на опасен отпад,,Гаја Солушнс ДОО Виница"
Отпадни акумулатори	На самата локација на инсталацијата	Складирање до предавање на овластен превземач	ФАЛАНГА РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Виница
Отпадни гуми	На самата локација на инсталацијата	Складирање до предавање на овластен превземач	Ќе се предава на овластена компанија за собирање на опасен отпад,,Гаја Солушнс ДОО Виница"
Талог од бетон од перење на опремата, отпад од бетон и мил од бетон	На самата локација на инсталацијата	Се одлага на самата локација на место одредено за одложување на мил	На локација на инсталација привремено се складира на локација до преработка реупотреба

2.3.3 Отпадот во границите на локацијата ќе биде времено складиран, најмногу до една година од денот на неговото создавање.

2.3.4 Отпадот ќе се складира на место посебно определено за тоа, соодветно заштитено од прелевање и истекување на течностите. Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.3.5 За предавањето на било кој вид на отпад на овластени откупувачи, операторот е должен да поседува документ (склучен договор, документ за плаќање или друг документ со кој се докажува предавањето на отпадот).

2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1.

Табела 2.4.1: Искористување и отстранување на отпадот

Опис	Документ	Дата кога е примено
Во инсталацијата нема да се врши преработка на отпадот	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V (Отпад)	26.02.2026 год.

Табела 2.4.2: Отпад складиран на самата локација

Опис на отпадот	Место на складирање на самата локација	Начин на складирање	Услови на складирање
Талог од бетон, отпад од бетон и мил од бетон (од перење на опрема)	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V	Се одлага на самата локација на место одредено за одложување на мил	На локација на инсталација привремено се складира на локација до преработка реупотреба
Отпадна вода од таложење	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V	На самата локација-таложник	На локација на инсталација
Комунален отпад	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V	Во контејнери	Привремено складирање до преземање од надлежна компанија ЈП ,,СОЛИДАРНОСТ” Виница

Метален отпад	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V	Складирање до предавање на овластен превземач	Приватни превземачи привремено се складира на локација до превземање
Отпадни масла	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V	Во специјални садови	Превземачи, привремено се складира на локација до превземање
Отпад од течни горива	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V	Складирање до предавање на овластен превземач	Превземачи, привремено се складира на локација до превземање
Отпадни акумулатори	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V	Складирање до предавање на овластен превземач	ФАЛАНГА РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Виница
Отпадни гуми	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава V	Складирање до предавање на овластен превземач	Ќе се предава на овластена компанија за собирање на опасен отпад,,Гаја Солушнс ДОО Виница"

2.4.3 Отпадот ќе се складира (времено) на посебно определено место за тоа, соодветно заштитено против прелевање и истекување на течностите. Отпадот јасно ќе се означи и соодветно ќе се оддели.

2.4.4 Во внатрешноста на работниот простор нема да има отпадоци. Во рамкитите на работните процедури, операторот ќе вклучи чистење на локацијата и елиминиација на изворите на отпадоци.

2.4.5 Во границите на инсталацијата смее да се одлага (времено) исклучиво инертен отпад.
2.4.6 Се забранува истурање, фрлање горење или согорување на опасниот отпад.

2.4.7 Се забранува мешање на опасниот отпад со друг вид на опасен отпад, како и мешање со друг вид неопасен отпад.

2.4.8 За отпадот кој е наменет за транспорт, Операторт ќе издава идентификационен и транспортен формулар и кои ќе приложи извештај за карактеристиките и видот на отпад според листата на видови на отпад.

2.4.9 Примерок од идентификациониот и транспортниот формулар ќе бидат доставени до Надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина и Општина Виница.

2.4.10 Отпад кој е наменет за транспортирање задолжително ќе биде спакуван и означен на соодветно пропишаниот начин со што ќе се обезбеди целосна заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2.4.11 Отпадот кој се испраќа надвор од инсталацијата за рециклирање и одлагање ќе се транспортира само од страна на овластено лице на начин кој нема да има штетно влијание по животната средина во согласност со соодветните национални и европски законски регулативии/протоколи.

2.4.12 Договорот за собирање и транспортирање на неопасниот отпад ќе се изврши со правно лице кои поседуваат дозвола за собирање/третман/преработка и транспорт на неопасен отпад.

2.4.13 За активностите кои се поврзани со операции за управување со отпад на локацијата ќе се води целокупна писмена евиденција, која ќе биде достапна за инспекцискиот надзор од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. Оваа евиденција треба да содржи минимум од следниве детали:

➢ Имиња на превземачот и транспортерите на отпад.

➢ Името на лицата кои се одговорни за крајното одлагање/рециклирање на отпадот.

➢ Крајна дестинација на отпадот.

➢ Писмена потврда од приемот и одлагањето/рециклирањето на отпадот за било какви опасни материи кои се пратени надвор од локацијата.

➢ Тони/кг и МК код за отпадните материи.

2.4.14 Операторот годишно ќе изработува План за управување со отпад и редовно ќе го доставува до општина Виница. Планот треба да го опфати целиот циклус односно: употреба, ракување, складирање и отстранување.

2.5. Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во табела 2.5.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган.

	Табела 2.5.1 Спречување и контрола на несакани дејствија		
Опис		**Документ**	**Дата кога е примено**

Спречување хаварии и реагирање во итни случаи	Барање за добивање на Б интегрирана еколошка дозвола (глава XIII.) Бр. 12-34/3	26.02.2026 година

2.5.2 Во случај на несреќа операторот веднаш треба да:

- Го изолира изворот на било какви емисии;
- Спроведе непосредна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегува од тоа;
- Го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот;
- Го забележи датумот на несреќата;
- Го извести надлежниот орган и другите релевантни власти.

2.5.3 Операторот е должен за настанатата хварија веднаш да го извести надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина и да му ги достави податоците кои се однесуваат на:

➢ Околностите во кои се случила хаваријата.

➢ Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата.

➢ Податоци потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата.

➢ Превземените вонредни мерки.

2.5.4 Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот.

2.5.5 Информациите за мерките за безбедност, Операторот ќе ги анализира и проверува на секои 3 (три) години.

2.5.6 Информациите за мерките за безбедност ќе овозможи да бидат достапни до јавноста.

2.5.7 Операторот треба да достави предлог за одобрување до надлежниот орган во рок од еден месец од несреќата која се случила или на друг начин договорен со Надлежниот орган. Предлогот има за цел да:

➢ Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на инцидент или несреќата и

➢ Идентификува и постави било какви други активности за санација.

Дополнителен услов: Навремено известување за сите несакани дејствија до Надлежниот орган.

2.6. Мониторинг

2.6.1 Операторот согласно условите во Дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во табела 2.6.1 или друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

Табела 2.6.1: Мониторинг		
Опис	Документ	Дата кога е примено
XI.ТОЧКИ НА МОНИТОРИНГ НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ	Барање Б интегрирана еколошка дозвола Глава XI	26.02.2026

2.6.2 Операторот ќе обезбеди :

- А) безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2-Табела Д2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот,

- Б) безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ИСО стандардите, од страна на акредитирана лабараторија.

2.6.4 Се задолжува правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ЈОВАНОВ ТРАНС ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово Виница, редовно да доставува Извештај од извршените мерења од Мониторингот што може да го врши било која акредитирана лабараторија. Извештаите треба по службен пат редовно да се доставуваат до надлежниот орган.

2.6.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земањена примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да се изменат во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

2.7. Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.2, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

Табела 2.7.2: Престанок со работа		
Опис	Документ	Дата кога е примено
Глава XIV	Барање Б интегрирана еколошка дозвола	26.02.2026 год.

2.7.2 Операторот во рок од 24 месеци од издавањето на Дозволата треба да подготви детален план со финансиски импликации за престанок на работа на инсталацијата или нејзино затварање во целост.

2.7.3 Планот треба да содржи:

- Изјава за обемот на планот.
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој ќе обезбеди мнинимум влијание врз животната средина.
- Програма за постигнување на наведените критиериуми.
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени.

2.7.4 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.5 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животна средина.

2.8 Инсталации со повеќе оператори

Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само еден оператор или Оваа Дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1 од оваа Дозвола.

3. Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

- Секоја неисправност, дефект или престанок на работата напостројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животна средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневникот воден за таа цел;
- Целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.1 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:

- да бидат читливи;
- да бидат направени што е можно побрзо;
- да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува **најмалку пет години** вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 За целиот примен и создаден отпад во инсталацијата за која што се издава Дозволата, операторот ќе има документација (**и ќе ја чува најмалку пет години** вклучувајќи го и престанокот соработа на инсталацијата) за:

- Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис.
- Најдобра проценка на количината создаден отпад;
- Трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и
- Најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.
- Количината на отпадот (изразена во тони) испратен надвор од локацијата за одложување/рециклирање според Листата на видови на отпад.
- Имиња на лице/фирма задолжено за транспорт на отпад. Како и детали околу добиената дозвола за собирање.
- Детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзино соодветност да го прифати упатениот отпад.
- Количините и означување на типовите на отпад кои серециклираат или одложуваат на локацијата, според Листата навидови на отпад (Сл.Весник на РМ 100/05).

3.1.7 Операторот на инсталацијата за која што се издава Дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и краткото резиме доколку имало, било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник за таа цел ќе го извести Надлежниот орган во рок од 24 часа.

3.1.8 Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на Овластените инспектори за животна средина истите ќе им ги достави на увид:

- Дозволи поврзани со инсталацијата.
- Записи од сите прибирања на примероци за анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа Дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната средина (околина) на инсталацијата.
- Целата кореспонденција со Надлежниот орган.

3.1.9 Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да е управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

3.1.10 Операторот се задолжува да изготви внатрешен план за вонредни состојби, кој ќе ги содржи мерките што треба да се превземат внатре во системот во случај на хаварија во рок од **90 дена** по добивање на Дозволата. Истиот ќе го достави до Надлежниот орган во рок од **15 дена** од денот на донесување.

4. Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа Дозвола, операторот ќе ги испорача до Надлежниот орган.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од табела Д2 во Додаток 2:

- Во однос на наведени емисиони точки;
- За периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите.
- Испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од 14 дена;
- Давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие табели и
- Испраќање на извештај до Надлежниот орган ќе се врши најкасно во рок од 30 дена од денот на извршените мерења.

5. Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:

- кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

- кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

- кога ќе забележи некаква не исправност, дефект или престанок наработата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување;

- било каква несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

- перманентен престанок на работата на било кој дел или целата инсталација, за која се издава Дозволата;

- престанок на работата на некој дел или целата инсталација за која се издава Дозволата, со можност да биде подолг од **1 година**;

- повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за која што се издава Дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3,

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во **рок од 14 дена** пред нивното појавување, за следниве работи:

- било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрираната канцеларија;

- промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторотстанува дел од неа);

- за активностите кога операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

6. Емисии

6.1 Емисии во воздух

Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекната само од извор(и) наведен(и) во таа Табела (според мапата на диспозиција на стопански двор, Прилог XI од барањето за добивање на Интегрирана еколошка дозвола).

Табела 6.1.1: Емисиони точки во воздухот		
Ознака на точка на емисија/опис	Извор	Локација на точката на емисија
ММ 1 ММ 2 ММ 3 ММ 4 Суспендирани честички (PM10) во воздухот	Фугитивна емисија на цврсти честички при процесот на производство на бетон, како и емисии на отпадни гасови од моторите на механизацијата и возилата вклучени во транспорт и други работни операции	Во рамките на инсталацијата на ЈОВАНОВ ТРАНС ДООЕЛ с. Јакимово Виница

Границите на емисиите во воздухот за параметарот(рите) и точката(ите)на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

Временските периоди од 6.1.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување во Глава 8 од оваа Дозвола.

Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2, на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела (Еднаш годишно и по потреба-инциденти).

Табела **6.1.2 :** Граници на емисиите на воздух		
Параметри	Ознака на точка на емисија	Фреквенција на мониторинг

Суспендирани честички до 10μm (PM10) концентрација μg/m³	Во референтна точка ММ1, ММ2, ММ3 и ММ4 во рамките на инсталацијата на ЈОВАНОВ ТРАНС ДООЕЛ с. Јакимово Виница	Еднаш годишно

Табела 6.1.3 Резултати од мерење

ММ: 1 41⁰53'50"N 22⁰30'48"E				
Траење на земањето примероци, ts[h]=4	24h			
Резултати од мерењето				
Параметар	Мерна единица	Добиени резултати од мерењата		Гранична вредност
		Измерена вредност	м.н.	
Концентрација на ЧЧ 10	□g/m³	20,5	8,0	50

ММ: 2 41⁰53'50"N 22⁰30'44"E				
Траење на земањето примероци, ts[h]=4	24h			
Резултати од мерењето				
Параметар	Мерна единица	Добиени резултати од мерењата		Гранична вредност
		Измерена вредност	м.н.	
Концентрација на ЧЧ 10	□g/m³	18,9	8,0	50

ММ: 3 41^{0}53'49"N 22^{0}30'47"E				
Траење на земањето примероци, ts[h]=4		24h		
Резултати од мерењето				
Параметар	Мерна единица	Добиени резултати од мерењата		Гранична вредност
		Измерена вредност	м.н.	
Концентрација на ЦЧ 10	□g/m^3	29,1	8,0	50

ММ: 4 41^{0}53'52"N 22^{0}30'48"E				
Траење на земањето примероци, ts[h]=4		24h		
Резултати од мерењето				
Параметар	Мерна единица	Добиени резултати од мерењата		Гранична вредност
		Измерена вредност	м.н.	
Концентрација на ЦЧ 10	□g/m^3	26,7	8,0	50

6.1.4 Емисиите на инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.5 Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки на перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.6 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причини на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се превземат да се минимизира емисијата.

6.1.7 Количествата емитирани гасови од секоја од емисионите точки не смеат да бидат поголеми од оние наведени во барањето односно над граничните вредности.

6.2. Емисии во почва

6.2.1 Нема, не се дозволени емисии во почва.

6.2.2 Операторот ќе врши редовна контрола и редовно чистење на резервоарот за процесната вода (таложникот), каналите за одведување на процесната вода, нема да дозволи заполнување на истите до висина на прелевање и ќе спречи секакво истекување од нив.

6.2.3 Операторот е должен уреденият двор да го одржува чист, нема да се дозволи растурање на инертен отпад од рушење, поправки и слични активности, како и растурање на отпадни води и течности од различен карактер.

6.2.4 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почвата.

Табела **6.2.1** Емисиите во почва

Параметри	Ознака на точка на емисија	Фреквенцијана мониторинг
ph	Не се дефинирани мерни точки за емисии во почва, со оглед дека не се очекува загадување на почвата	Доколку се утврди потреба
Азот	Не се дефинирани мерни точки за емисии во почва, со оглед дека не се очекува загадување на почвата	Доколку се утврди потреба
Сулфур	Не се дефинирани мерни точки за емисии во почва, со оглед дека не се очекува загадување на почвата	Доколку се утврди потреба
Фосфор	Не се дефинирани мерни точки за емисии во почва, со оглед дека не се очекува загадување на почвата	Доколку се утврди потреба
Хром	Не се дефинирани мерни точки за емисии во почва, со оглед дека не се очекува загадување на почвата	Доколку се утврди потреба
Никел	Не се дефинирани мерни точки за емисии во почва, со оглед дека не се очекува загадување на почвата	Доколку се утврди потреба
Калиум	Не се дефинирани мерни точки за емисии во почва, со оглед дека не се очекува загадување на почвата	Доколку се утврди потреба
Олово	Не се дефинирани мерни точки за емисии во почва, со оглед дека не се очекува загадување на почвата	Доколку се утврди потреба

6.3. Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во оваа Табела.

Забелешка: Од локацијата на инсталацијата Друштво за производство, трговија и услуги „ЈОВАНОВ ТРАНС“ ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово Виница, од технолошките процеси кои се одвиваат на постројката сите отпадни води кои се создаваат, особено технолошките отпадни води од миење на песок и чакал, се собираат во повеќе бетонски таложници изведени под кота на терен, каде доаѓа до таложење на цврстите честички и милта кои што се содржат во отпадната вода, при што избистрената вода од таложниците се враќа назад во технолошкиот процес преку затворен кружен систем, додека санитарните отпадни води се одведуваат преку канализациона мрежа, а атмосферските води се насочуваат преку отворени канали до речното корито, со што не се врши директно испуштање на отпадни води во површински водотеци или во почвата.

Табела **6.3.1 :** Точки на емисија во вода

Ознака на точка на емисија/опис	Извор	Количество
Барање за Б интегрирана еколошка дозвола Глава VII и VIII и Одговор на забелешки за Барањето на Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 12-34/11 од 17.04.2026 год	Санитарни, технолошки и атмосферски отпадни води во рамки на инсталацијата	Доколку се утврди потреба

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3 Временските периоди од 6.3.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од Поглавје 8 од оваа дозвола.

6.3.4 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

Табела **6.3.2 :** Граници на емисија во вода

Параметри	точка на емисија	точка на емисија	Фреквенција на мониторинг

	До (датум)	Концентрација (mg/m^3)	Од (датум)	Концентрација (mg/m3)	
Нема емисии во вода					

6.3.5 **Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2**, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.6 Операторот ќе зема примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со (наведи) фреквенција (доколку се утврди потреба).

6.3.6 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја не предвидена емисија во површинските води.

6.4. Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1, ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

Табела **6.4.1:** Точки на емисија во канализација		
Ознака на точка на емисија/опис	Извор	Количество
Канализациона мрежа на инсталацијата	Санитарни отпадни води од вработените	Доколку се утврди потреба

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодветствуваат со оние од прифатената програма за подобрување на поглавјето 8 од оваа дозволата.

Табела **6.4.2:** Граници на емисии во канализација					
Параметри	Точка на емисија		Точка на емисија		Фреквенција на мониторинг
Санитарни отпадни води	Од (датум)	До (датум)	Од (датум)	До (датум)	Доколку се утврди потреба
		Вредност	Вредност	Вредност	

6.4.4 Фекалните води од објектот се одведуваат преку внатрешна и надворешна фекална канализација која е вклучена во фекална канализација и завршуваат во фекалните води на селото. Профилот на фекалниот приклучок е Ф125 во фаза на прием. Преку канализационата мрежа фекалиите се одведуваат од снитарните јазли и технолошките води од објектот.

6.4.5 Водата која ја користат работниците за одржување на лична хигиена е минимална – занемарлива, поголема количина на вода за лична хигиена ќе се користи во просториите каде работниците ќе претстојуваат по работното време.

6.4.6 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.4.3а и 6.4.3б, на точките на емисија (наведи) со (наведи) фреквенција (доколку се утврди потреба).

6.4.7 Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

Табела **6.4.3**а Мониторинг на канализација		
Параметар	Точка на емисија	Фреквенција на мониторинг
Санитарни отпадни води	Канализациона мрежа на инсталацијата	Доколку се утврди потреба
	/	
	/	

Табела **6.4.3**б Мониторинг на канализација **(**од **_____)**		
Параметар	Точка на емисија	Точка на емисија
Не е дефинирано во барањето	Канализациона мрежа на инсталацијата	Канализациона мрежа на инсталацијата

6.4.8 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2 , освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.5. Емисии на топлина

6.5.1 Нема термално испуштање кое ќе влијае врз животната средина.

6.6. Емисии на бучава и вибрации

6.6.1 Емисиите на бучава и вибрации се резултат на работата на постројката за производство на бетон, сепарирање на песок, транспортните возила, работните машини бетоњерка, камиони, миксери, мешалки, багери и дробилка и сл. Споредни извори на бучава се: самите возила кои се користат за довоз и одвоз на разни суровини кои се потребни за производниот процес. Вибро сито, електромоторите, транспортната лента и др. Максималното ниво на бучава на границите од оваа инсталација треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство (Одлука за утврдување во кои случаеви се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава Службен весник на Република Македонија бр.1/09; Правилникот за локациите на мерните станици имерните места Службен весник на Република Македонија бр.12/08; и Правилник за гранични вредности на нивото на бучава во животнатасредина Службен весник на Република Македонија бр.147/08).

Забелешка: Предметната локација на Друштвото за производство, трговија и услуги „ЈОВАНОВ ТРАНС“ ДООЕЛ увоз-извоз Јакимово Виница е во Општина Виница, местоположбата на инсталацијата е во с. Јакимово, КО Јакимово, Општина Виница, при што предметната локација се наоѓа во рамки на предвидена индустриска зона, а најблиското населено место е с. Јакимово.

Табела **6.6.1:** Гранични вредности на индикатори на бучава во животната средина Параметри на точките				
Параметри	Точка на емисија-мерно место ММ1, ММ2, ММ3 и ММ4 (според легенда на емисиони точки за мониторинг)		Гранични вредности	Фреквенција на мониторинг
	До (датум)	Пресметана * / Измерена вредност		

L**AEq**	Лабораториски извештај од барањето		Наведени во барањето	Еднаш годишно и по потреба
L**d**	Лабораториски извештај од барањето		Наведени во барањето	Еднаш годишно и по потреба
L**AFMam**	Лабораториски извештај од барањето		Наведени во барањето	Еднаш годишно и по потреба

6.6.2 Операторот ќе врши мониторинг на бучава еднаш годишно и по потреба-инциденти; и вибрации по потреба.

	6.6.2 Резултати од мерење на бучава									
Степен на подрачје			(III)							
Време на мерење			10 min по мерно место							
			Резултати од мерењето							
Мерно место	Координати	Мерна единица	Мерени			ГВЕ Leq денски (за четири степени на подрачја)				ГВЕ LAf max
			Leq	LAf max	м.н. U	I	II	III	IV	III и IV
MM1	41^{0}53'50"N 22^{0}30'48"E	(dBA)	51,4	57,2	1,17	50	55	60	70	110
MM2	41^{0}53'50"N 22^{0}30'44"E	(dBA)	57,1	59,7	1,17	50	55	60	70	110
MM3	41^{0}53'49"N 22^{0}30'47"E	(dBA)	66,3	65,8	1,17	50	55	60	70	110
MM4	41^{0}53'52"N 22^{0}30'48"E	(dBA)	48,0	57,2	1,17	50	55	60	70	110

6.6.3 Емисиите на бучавата нема да ја надминат границата од 60 db (преку ноќ) надвор од локацијата на инсталацијата согласно пропишаната граница на дозволена бучавост согласно Одлука за утврдување во кои случаеви се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Службен Весник на Република Македонија бр.1/09),(согласно табела 6.6.1).

6.6.4 Емисиите на бучава од локацијата на инсталацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство - Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (”Службен весник на Република Македонија” бр.1/09), Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (“Службен весник на Република Македонија“ бр.12/08) и Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животната средина (“Службен весник на Република Македонија“ бр.147/08), Табела 6.6.2

Оценка на амбиенталната бучава – измерено ниво на бучавост Табела 6.6.4

Табела **6.6.4** Емисии на Бучава **dB (A)**				
Референтни Точки	Национален координатен систем	Нивоа на бучава **(dB)** Се однесува на		
	(X,Y)	**dB(A)** Полна активност **(** ден **)**	**dB(A)** Полна активност **(** вечер **)**	**dB(A)** Полна активност **(** ноќ **)**
Подрачје со III степен на заштита од бучава	Не се дадени податоци во барањето		Не се дадени податоци во барањето	Не се дадени податоци во барањето

7. Пренос од пречистителна станица за отпадни води

7.1 Инсталацијата не пренесува отпадни води до прочистителна станица.

8. Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

Табела 8.1.1 : Програма за подобрување

	Ознака/активност	Мерка/цел	Датум на завршувавње/фрекфенција
1.	Континуиран мониторинг на емисии во воздух и бучава	Да се следи дали емисиите на прашина и нивото на бучава се во границите на дозволеното	Еднаш годишно и по потреба
2.	Контрола на технолошки отпадни води преку таложници	Да се обезбеди правилно функционирање на таложниците и повторно користење на водата во затворен систем	Континуирано
3.	Контрола на емисии на прашина од транспорт и механизација	Да се намали нивото на прашина преку одржување на работните површини и контрола на движењето на возилата	Континуирано
4.	Одржување на работните и транспортните површини	Да се спречи создавање и ширење на прашина во околината	По потреба
5.	Редовно сервисирање на механизацијата	Да се намалат емисиите во воздух и бучава од работата на машините	Континуирано
6.	Влажнење на пристапните патишта во летниот период	Ќе се спречи создавање на прашина	Во топлиот период од годината
7.	Поправка на сообраќајниците со посипување и набивање со шљунак	Да се намали нивото на емисии на прашина во атмосферата од транспортните средства на инсталацијата	По потреба

8.1.2 Операторот ќе ја спроведува програмата за подобрување која е составен дел на барањето онака како што е писмено договорено со Надлежниот орган.

9. Договор за промени во писмена форма

9.1.1 Кога својството или како што е договорено написмено се користи во услов на дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

А) Операторот ќе и даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола;

Б) Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи и создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1. и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за дата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува за тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на :

- Материјална промена или зголемување на природата или количината на било која емисија;
- Системите за намалување/третман или преработка;
- Опсег на процесите што се изведуваат;
- Горивата, суровините, меѓу продуктите, продуктите или создадениот отпад, или било каква промена:

9.1.4 Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на несакано еколошко влијание кои би имале влијание врз животната средина, ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

10. Додаток 1

10. 2. Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост восогласно со Законот за животната средина.

Потврдата треба да содржи:
Дел А

- Име на операторот.
- Број на дозвола.
- Локација на инсталацијата.
- Датум на доставување на податоци.
- Време, датум и локација на емисијата.
- Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :
- Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
- Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
- Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

Дел Б

- Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
- Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
- Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.
- Име
- Пошта.....
- Потпис
- Датум
- Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

11. Додаток 2

11.2. Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола,се наведени подолу

Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот			
Параметар	Точка на емисија	Период за давање извештаи	Почеток на периодот
Емисии на суспендирани цврсти честички (PM10) во воздухот	ММ1 ММ2 ММ3 ММ4	Еднаш годишно и по потреба – инциденти	Веднаш по издавањето на Дозволата
Отпадни води (санитарни и атмосферски)	Канализациона мрежа	Доколку се утврди потреба – инциденти	Веднаш по издавањето на Дозволата
Емисии во почва	Не се дефинирани мерни точки	Доколку се утврди потреба – инциденти	Веднаш по издавањето на Дозволата
Емисија на бучава	ММ1 ММ2 ММ3 ММ4	Еднаш годишно и по потреба – инциденти	Веднаш по издавањето на Дозволата
Доколку се констатира дека концентрациите на емисиите ги надминува концентрации дадени во табелите 6.1.1, 6.1.2, Табела VI/1, од Поглавје 6.1 од Дозволата; 6.2.1 од Поглавје 6.2 од Дозволата; 6.3.1, 6.3.2 од Поглавје 6.3 од Дозволата; и 6.6.1 и 6.6.4 од Поглавје 6.6 од Дозволата бројот на анализите во тековната година ќе се интензивира.			

12. Додаток 3

12.1. Пенали како мерка за исполнување на обврските од Дозволата

Со овој Додаток се утврдуваат пенали како мерка за исполнување на обврските од Б- интегрираната еколошка дозвола на операторот на инсталацијата издадена од Градоначалникот на Општина Виница, и се определува висина на пеналите во случај на неисполнување на обврските од Програмата за подобрување кој е составен дел од Дозволата.

12.2. Определување на пенали

1. Операторот на инсталацијата е должен да ги исполни сите услови, мерки и временски рокови пропишани во Дозволата, како и мерките со временските рокови пропишани во програмата за подобрување која е составен дел на Дозволата.
2. Надлежниот орган како мерка за реализација на програмата за подобрување определува пенали во висина од 120% од висината на трошоците за спроведување на една фаза од Програмата за подобрување со средна вредност. Една фаза од програмата за подобрување одговара на една календарска година.
3. Операторот ќе ги спроведува договорените мерки наведени во Б-интегрирана еколошка дозвола и е должен придржувајќи се на временските рамки писмено да го извести Надлежниот орган, во рок од 14 дена по извршување на секоја од пропишаните мерки.
4. Надлежниот орган е должен по завршувањето на секоја календарска година преку овластен инспектор за животна средина да изврши инспекциски надзор кој ќе утврди дали условите и мерките во дозволата се спроведени од страна на операторот на инсталацијата.
5. Доколку утврди неисполнување на обврските од страна на операторот на инсталацијата согласно програмата за продобрување, овластениот инспектор ќе донесе решение со што ќе го задолжи операторот да постапи согласно програмата.

12.3. Присилна наплата

1. Надлежниот орган по конечноста на решението во управна постапка ќе спроведе постапка за извршување на пеналите согласно Законот за извршување и ќе спроведе присилна наплата во согласност со определената висина на пеналите.
2. Доколку не се исполнат и спроведат условите пропишани во Дозволата, ќе се изврши присилно извршување од сметката или имотот на операторот на инсталацијата, поради наплата на доспеана, а не наплатена обврска како и трошоците во постапката.
3. По спроведеното присилно извршување средствата од 20% добиени по овој основ се приход на Општина Виница, а средствата од 100% надлежниот орган ќе ги користи за набавка на средства кои се потребни за исполнување на мерките по програмата за подобрување на операторот и за други активности веќе предвидени во дозволата на операторот на инсталацијата.